**20130821836**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 мај 2013 година.

Бр. 07–2288/1
31 мај 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 52/12, 36/11, 6/12, 24/12 и 15/13), во членот 21-а став (1) по зборовите: “други државни органи” се става запирка, а зборовите: “или институции” се заменуваат со зборовите: “институции и јавни претпријатија основани од Република Македонија”, а по зборовите: “раководното лице на институцијата” се става запирка и се додаваат зборовите: “односно на јавното претпријатие основано од Република Македонија”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.